# Производство со следливост по лотови на репро материјали и готови производи

Еден  од најважните елементи за спроведување и одржување на системите за безбедност и управување со квалитетот на храната е развој на функционален систем на следливост. Без оглед дали потребните стандарди се однесуваат на земјоделските производители (Global Gap, органско производство) или преработувачките компании (ISO 22000, HACCP, IFS и др.), деталниот систем за следливост на производството е секогаш задолжителен.

Во HELIX софтверското решение, тимот на ЗОНЕЛ Софтвер имплементира посебен модул за следливост на производствениот процес согласно на потребите на компаниите од различни сектори и согласно на барањата на стандардите кои овие компании ги имплементираат.

Имено, следливоста во производниот процес подразбира избор на репроматеријали кои припаѓаат на одредени лотови кои се употребуваат во конкретниот работен налог, и при тоа се генерираат готови производи кои добиваат свои  лотови/сериски броеви.

Зависно од спецификите на самиот производен процес, HELIX програмот овозможува повеќе режими на работа, во поглед на начинот на кои се избираат репроматеријалите за конкретен производен процес, како и критериуми за формирање на финален производ.

## Сетирања

Во системските сетирања се одредува дали при производство на конкретен производ може да се користат репроматеријали со различни лотови (деливост на лотови), или во рамките на еден работен налог еден готов производ, кој има свој лот на готов производ, мора да се произведе само од еден лот од негов репроматеријал. Потоа се одредува дали при конкретно производство системот автоматски да бира од кој лот ќе црпи репроматеријал (според истек на рокот), или секогаш да го прашува корисникот. Следното сетирање се однесува на тоа дали репроматеријалите кои се составен дел на норматив за готов производ кој се произведува, мора да се наоѓаат во тековниот магацин, може да се наоѓаат во било кој магацин, или може да се наоѓаат само во некои магацини. И конечно, последното сетирање дефинира дали за финалниот производ автоматски да се генерира редоследен број на лот (по претходно дефиниран префикс), или бројот на лотот на финалниот производ мора рачно да се внесува.



По дефинирањето на режимот на работа, се дефинираат и магацините кои се вклучени во производствениот процес.







Истите имаат сетирање дали ќе се користат за репро материјали или не, ова е важно доколку се користат повеќе магацини кои содржат иста шифра на суровина, но не сакате сите магацини да се користат во производството.

# Дефинирање на артикли

Следниот чекор е чекорот на дефинирање на артикли кои ќе ги користиме во следните фази од производствениот процес. Затоа ќе дефинираме по 2-3 артикли за секој од претходно дефинираните магацини, што истовремено соодветствува со фазите во производниот процес.
Артиклите нека бидат дефинирани како во примеров, каде што првата цифра од шифрата соодветствува со магацинот за кои се наменети.



Специфични сетирања на артиклите:







Во првиот таб – основни податоци, освен стандардните параметри, треба да се внимава на сетирањето за сериски број, т.е. ако е „ДА“ тогаш за тој артикал е вклучена работа со лотови/сериски броеви. Дополнително, во вториот таб, за сите полупроизводи и финални производи треба да се пополни делот – лотови за готов производ. Со ова се дефинира во соодветната фаза на производство со нормативи – дали да се генерира нов лот број, или да се преземе лотот од претходната фаза (репроматеријалот). За ова последното да биде дозволено мора во нормативот на полупроизводот / финалниот производ да има само еден репроматеријал кој е дефиниран со лотови (како истиот автоматски би се преземал).

## Производствени калкулации:

За да ја објасниме постапката за креирање на производствени калкулации во различни фази на производствениот процес, ќе претпоставиме дека користиме 3 репроматеријали, со шифри 100001, 100002 и 100003. Првите два производи се дефинирани со ЛОТ броеви (и тоа 1001, 1002, и 1003 за артиклот 100001, и 2001, 2002 и 2003 за артиклот 100002), додека третиот не е дефиниран со лотови / сериски броеви.

На пример, лагерот во магацинот 01 пред почеток на производството нека биде следниот:

**Лагер листа**
**За период од 01/01/2020 до 01/04/2020 година**

Маг. бр. 01 Главен магацин репро
Адреса

Страна1

| Шифра | Назив на производ | Е.м. | Про | Серија | Количина | Набавна цена без ддв | Наб. износ Набавен износ | Влез.колич | Излез.кол. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 100001 | Репро 1 | кг | | 1001 | 250.000 | 100.00 | 25,000.00 | 250.00 | 0.00 |
| 100001 | Репро 1 | кг | | 1002 | 350.000 | 100.00 | 35,000.00 | 350.00 | 0.00 |
| 100001 | Репро 1 | кг | | 1003 | 400.000 | 100.00 | 40,000.00 | 400.00 | 0.00 |
| 100001 | Репро 1 | кг | | Без сериски | 0.000 | 100.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| | Вкупно за артикал | | | | 1,000.000 | 100.00 | 100,000.00 | 1,000.00 | 0.00 |
| 100002 | Репро 2 | кг | | 2001 | 150.000 | 200.00 | 30,000.00 | 150.00 | 0.00 |
| 100002 | Репро 2 | кг | | 2002 | 350.000 | 200.00 | 70,000.00 | 350.00 | 0.00 |
| 100002 | Репро 2 | кг | | 2003 | 500.000 | 200.00 | 100,000.00 | 500.00 | 0.00 |
| 100002 | Репро 2 | кг | | Без сериски | 0.000 | 200.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| | Вкупно за артикал | | | | 1,000.000 | 200.00 | 200,000.00 | 1,000.00 | 0.00 |
| 100003 | Репро 3 | пар | | Без сериски | 1,000.000 | 50.00 | 50,000.00 | 1,000.00 | 0.00 |
| | Вкупно за артикал | | | | 1,000.000 | 50.00 | 50,000.00 | 1,000.00 | 0.00 |
| 3 | | | | | 3,000.00 | | 350,000.00 | 3,000.00 | 0.00 |

Финансиски влез 350,000.00
Финансиски излез 0.00

Во првата фаза на производство ќе се формираат полупроизводите со шифри 200001 и 200002 кои ќе се внесуваат во магацинот 02. Деливост на лотови не е дозволена, а внесот на лот од репроматеријалот е поставено според истекот на рок/гаранција. Истите ќе бидат внесувани со нормативи, и тоа:

- полупроизводот 200001 ќе се состои од репроматеријалите:
  - 100001 – 0,8 кг
  - 100003 – 1 пар.
- а полупроизводот 200002 од:
  - 100002 – 0,8 кг
  - 100003 – 1 пар.

Двата полупроизводи ќе бидат сетирани да преземаат лот од претходната фаза, т.е. во нашиот пример 200001 ќе го копира лотот од 100001, а 200002 од 100002 (потсетување дека репроматеријалот 100003 нема лот број).

При производство на количина од по 250 кг од двата полупроизвода, вака би изгледало раздолжувањето на репроматеријалите (опција „Раздолжи репро по лотови“ → „Раздолжи Репро“)




За производство на 250 кг од полупроизводот 200001 се потребни 200 кг од репрото 100001, и таа количина се пополнува од првиот лот 1001. Следствено и за производство на 250 кг од полупроизводот 200002 се потребни 200 кг од репрото 100002, и таа количина ќе се пополни со 150 кг од првиот лот 2001, и уште преостанатите 50 кг од следниот лот 2002. Во овој случај, кога не се формира нов лот број, туку производот го презема лотот од репротоматеријалот, сетирањето за деливост на лотови нема ефект бидејќи секогаш производителот може да знае која количина на полупрозвод/готов производ од кој лот е добиена.
Во горната лева табела на новиот прозорец се прикажани производите кои се добиваат со оваа производна калкулација. Во средната табела се прикажуваат репроматеријалите за конкретниот готов производ на кој сме позиционирани, додека пак во десната табела се прикажуваат лотовите кои се содржани во избраниот репроматеријал од средната табела. Во долната лева табела се прикажуваат лотовите на готовиот производ кој е избран во горната табела.
Примерот на сликата, како што претходно е напоменато, е за случај кога производите го преземаат лотот од репроматеријалите.
По ова, како и кај секоја друга производна калкулација, повторно треба се отвора прозорецот за финални производи (Ф10), и да се изврши командата „Распоред на набавна цена“ (Ф6).

Со оваа производствена калкулација, во целниот магацин („02“ во нашиот пример) соодветно се формира влезна калкулација.




На овој начин се формира лагерот на артиклите кои ќе претставуваат репромтеријали за следната производствена фаза.

Во оваа фаза имаме формирање на готови производи со генерирање на нови лотови, и тоа по претходно дефинирани префикси на производите, Г1 за 300001 и Г2 за 300002. Во овој случај, во нормативот на производот може да има и повеќе репроматеријали кои имаат лотови, како што и ќе биде нашиот пример.







Оваа производна фаза ќе ја покажеме на повеќе начини, односно со автоматско раздолжување на репроматеријалот со деливост по лотови, со автоматско раздолжување на репроматеријалот без деливост по лотови, и со рачно раздолжување на репроматеријалот (т.е. со избор).

Како би било повидливо кои се разликите во изборот на лотовите на репроматеријалите кои се користат во конкретна производна калкулација, најпрво ќе направиме уште една калкулација од претходната фаза, за производство на уште по 250 кг. од двата полупроизводи, како би добиле количини на лагер за полупроизводите кои за системот би направиле разлики во изборот во следната фаза.

Значи правиме втора производствена калкулација во магацинот 01, насочена кон целниот магацин 02, со следната содржина:

| финални производи | | | | |
|---|---|---|---|---|
| шифра | количина | лот број | рок | колич. лот |
| 200001 | 250 кг | 1001 | 30/06/2020 | 62.5 кг |
| | | 1002 | 30/09/2020 | 187.5 кг |
| 200002 | 250 кг | 2002 | 30/09/2020 | 250 кг |

| репро материјали | | | | |
|---|---|---|---|---|
| шифра | количина | лот број | рок | колич. лот |
| 100001 | 200 кг | 1001 | 30/06/2020 | 50 кг |
| | | 1002 | 30/09/2020 | 150 кг |
| 100003 | 250 пар | | | |
| 100001 | 200 кг | 2002 | 30/09/2020 | 200 кг |
| 100003 | 250 пар | | | |

Со ова добиваме лагер во магацинот 02 на полупроизводи, за двата полупроизводи по 500 кг, но со количини по лотови каде за првиот полупроизвод 200001 имаме количина од лотот 1001 од 312,5 кг (со рок до 30/06/2020), а од лотот 1002 имаме 187,5 кг (со рок до 30/09/2020). За полупроизводот 200002 ситуацијата е обратна кога зборуваме за распоредот по лотови, т.е. 187,5 кг од лотот 2001 (рок до 30/06/2020), а 312,5 кг од лотот 2002 (рок до 30/09/2020).

## Зонел ТЕСТ - следливост по лотови

123 * Тел.:
Жиро сметка: 1234567890 * Банка: * ЕДБ:

### Лагер листа

**За период од 01/01/2020 до 22/04/2020 година**

Маг. бр. 02 Полу-производ
Адреса

Страна1

| Шифра | Назив на производ | Е.м. | Про | Серија | Количина | Набавна цена без ддв | Наб. износ Набавен износ | Влез.колич | Излез.кол. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 200001 | Полупроизвод 1 | кг | | 1001 | 312.500 | 130.00 | 40,625.00 | 312.50 | 0.00 |
| 200001 | Полупроизвод 1 | кг | | 1002 | 187.500 | 130.00 | 24,375.00 | 187.50 | 0.00 |
| 200001 | Полупроизвод 1 | кг | | Без серијски | 0.000 | 130.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| | Вкупно за артикал | | | | 500.000 | 130.00 | 65,000.00 | 500.00 | 0.00 |
| 200002 | Полупроизвод 2 | кг | | 2001 | 187.500 | 210.00 | 39,375.00 | 187.50 | 0.00 |
| 200002 | Полупроизвод 2 | кг | | 2002 | 312.500 | 210.00 | 65,625.00 | 312.50 | 0.00 |
| 200002 | Полупроизвод 2 | кг | | Без серијски | 0.000 | 210.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| | Вкупно за артикал | | | | 500.000 | 210.00 | 105,000.00 | 500.00 | 0.00 |
| 2 | | | | | 1,000.00 | | 170,000.00 | 1,000.00 | 0.00 |

Финансиски влез 170,000.00
Финансиски излез 0.00

Сега на вака дефинираниот лагер ќе ги изработуваме производствените калкулации од следната фаза. Значи за секој од претходно споменатите примери за начини на формирање на финални производи ќе тргнуваме од истиов лагер, т.е. по прикажување на еден од примерите, тие калкулации ќе ги бришеме, па потоа ќе формираме нови за следниот пример.

Прво ќе го видиме примерот со автоматско раздолжување на репроматеријалите, со деливост по лотови. Готовите производи, како што претходно споменавме, ќе добиваат автоматски лот број со однапред дефиниран префикс.

Нормативите за производите од оваа фаза нека бидат следните:

- Готовиот производ 300001 ќе се состои од репроматеријалите:
    - 200001 – 0,75 кг
    - 200002 – 0,25 кг.
- а готовиот производот 300002 од:
    - 200001 – 0,3333 кг
    - 200002 – 0,6667 кг.




За вака дефинираните готови производи ќе изработиме две производствени калкулации.
Со првата калкулација произведуваме 150 кг од финалниот производ 300001 и 250 кг од производот 300002.




При овој процес на производство на бараните количини на финални производи, потрошени се следниве репроматеријали, со количини по лотови:

<table>
<tr><th colspan="5">репроматеријали</th><th colspan="5">финални производи</th></tr>
<tr><th>шифра</th><th>количина</th><th>лот број</th><th>рок</th><th>кол. лот</th><th>шифра</th><th>количина</th><th>лот број</th><th>рок</th><th>кол. лот</th></tr>
<tr><td>200001</td><td>112.5</td><td>1001</td><td>30/06/2020</td><td>112.5</td><td rowspan="2">300001</td><td rowspan="2">150 кг</td><td rowspan="2">Г10000001</td><td rowspan="2">31/05/2020</td><td rowspan="2">150</td></tr>
<tr><td>200002</td><td>37.5</td><td>2001</td><td>30/06/2020</td><td>37.5</td></tr>
<tr><td>200001</td><td>83.3333</td><td>1001</td><td>30/06/2020</td><td>83.3333</td><td rowspan="3">300002</td><td rowspan="3">250 кг</td><td rowspan="3">Г20000001</td><td rowspan="3">31/05/2020</td><td rowspan="3">250</td></tr>
<tr><td rowspan="2">200002</td><td rowspan="2">166.6667</td><td>2001</td><td>30/06/2020</td><td>150</td></tr>
<tr><td>2002</td><td>30/09/2020</td><td>16.6667</td></tr>
</table>

Забележуваме дека при раздолжување на репроматеријалот секогаш се зема оној лот кој има најкраток рок на траење, а доколку истиот целосно се потроши тогаш се надополнува преостанатата количина од следниот лот, според датумот на рокот на траење. При тоа се формира сосема нов производ, со сопствен лот број и рок на траење кој не зависи директно од роковите на репроматеријалите, туку се задава во моментот на производство.

Сега ќе направиме уште една производствена калкулација, на истите финални производи, но со поинакви количини, т.е. 100 кг од 300001 и 200 кг од 300002.




Сега овие количини ќе се повлечат репроматеријали на следниот начин:

| репроматеријали | | | | | | финални производи | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| шифра | количина | лот број | рок | кол. лот | | шифра | количина | лот број | рок | кол. лот |
| 200001 | 75 | 1001 | 30/06/2020 | 75 | | 300001 | 100 кг | Г10000002 | 01/06/2020 | 100 |
| 200002 | 25 | 2002 | 30/09/2020 | 25 | | | | | | |
| 200001 | 66.6667 | 1001 | 30/06/2020 | 41.6667 | | 300002 | 200 кг | Г20000002 | 01/06/2020 | 200 |
| | | 1002 | 30/09/2020 | 25 | | | | | | |
| 200002 | 133.3333 | 2002 | 30/09/2020 | 133.3333 | | | | | | |

Слично како и во минатата калкулација, гледаме пример каде што е потрошен репроматеријалот со пократок рок, па се продолжува да се црпи од лотот кој е следен според рокот на траење. Во оваа калкулација тоа се случува со полупроизводот со шифра 200001 и лот 1001.
И повторно имаме формирање на финални производи со нови лот броеви и нови рокови на траење.

Лагерот во магацинот на полупроизводи 02, во моментов е следниот:

# Лагер листа

**За период од 01/01/2020 до 24/04/2020 година**

Маг. бр. 02 Полу-производ

Адреса

Страна1

| Шифра | Назив на производ | Е.м. | Про | Серија | Количина | Набавна цена без ддв | Наб. износ Набавен износ | Влез.колич | Излез.кол. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 200001 | Полупроизвод 1 | кг | | 1002 | 162.500 | 130.00 | 21,125.00 | 187.50 | 25.00 |
| 200001 | Полупроизвод 1 | кг | | Без сериски | 0.000 | 130.00 | 0.00 | 312.50 | 312.50 |
| | | Вкупно за артикал | | | 162.500 | 130.00 | 21,125.00 | 500.00 | 337.50 |
| 200002 | Полупроизвод 2 | кг | | 2002 | 137.500 | 210.00 | 28,875.00 | 312.50 | 175.00 |
| 200002 | Полупроизвод 2 | кг | | Без сериски | 0.000 | 210.00 | 0.00 | 187.50 | 187.50 |
| | | Вкупно за артикал | | | 137.500 | 210.00 | 28,875.00 | 500.00 | 362.50 |
| 2 | | | | | **300.00** | | **50,000.00** | **1,000.00** | **700.00** |
| | | | | Финансиски влез | | | **170,000.00** | | |
| | | | | Финансиски излез | | | **120,000.00** | | |

Со овие примери е објаснета постапката на формирање на готови производи со автоматско раздолжување на репроматеријали според истекот на рокот на траење, и при тоа е дозволено комбинирање на количини од репроматеријалот со различни лот броеви.




---

Сега ќе се вратиме на состојбата пред почетокот на оваа фаза на производство, и ќе погледнеме како ќе се раздолжува репроматеријалот (т.е. полупроизводите), доколку имаме навидум идентични производни калкулации на финални производи, но формирани со различно системско сетирање – без „деливост по лотови“.

Никакви други промени во сетирањата или поставките не се направени.

Значи повторно со првата производствена калкулација произведуваме 150 кг од финалниот производ 300001 и 250 кг од производот 300002. Со опцијата „Раздолжи репро“ се повлекуваат полупроизводи на следниот начин:




Забележуваме разлики во однос на претходниот пример при повлекувањето на количините од полупроизводот 200002 за производство на финалниот производ 300002, каде целата количина од полупроизводот е со ист лот број 2002. Останатите полупроизводи се раздолжени на ист начин како во првиот пример.

Веднаш ќе ја направиме и втората производна калкулација, повторно со идентични количини како и во првиот пример, т.е. 100 кг од 300001 и 200 кг од 300002.



Кај оваа втора производна калкулација се формираат финалните производи со следново раздолжување на полупрозводите по лотови:

| репроматеријали | | | | |
|---|---|---|---|---|
| шифра | количина | лот број | рок | кол. лот |
| 200001 | 75 | 1001 | 30/09/2020 | 75 |
| 200002 | 25 | 2001 | 30/06/2020 | 25 |
| 200001 | 66.6667 | 1002 | 30/09/2020 | 66.6667 |
| 200002 | 133.3333 | 2002 | 30/09/2020 | 133.3333 |

| финални производи | | | | |
|---|---|---|---|---|
| шифра | количина | лот број | рок | кол. лот |
| 300001 | 100 кг | Г10000002 | 01/06/2020 | 100 |
| 300002 | 200 кг | Г20000002 | 01/06/2020 | 200 |

Значи системот кога треба да раздолжи одредена количина од некој репроматеријал, го наоѓа оној лот од соодветниот производ кој има доволна количина за тековното производство на финалниот производ, и при тоа го има најкраткиот рок на употреба.

За да може да се увериме дека раздолжувањето кое е погоре прикажано е соодветно на вака дефинираните правила, ќе погледнеме уште една табела. Во оваа табела во левата половина хронолошки ќе ги прикажеме требувањата од полупроизводите, додека од десната страна ќе ги следиме количините на лагер од двата полупроизводи со нивните соодветни лот броеви и рокови.

| број калк. | финален производ | | полупроизвод (т.е. репро за оваа фаза) | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | шифра | колич. | шифра | норматив | колич. |
| 0001 | 300001 | 150 | 200001 | 0.75 | 112.500 |
| | | | 200002 | 0.25 | 37.500 |
| | 300002 | 250 | 200001 | 0.33333 | 83.333 |
| | | | 200002 | 0.66667 | 166.667 |
| 0002 | 300001 | 100 | 200001 | 0.75 | 75.000 |
| | | | 200002 | 0.25 | 25.000 |
| | 300002 | 200 | 200001 | 0.33333 | 66.667 |
| | | | 200002 | 0.66667 | 133.333 |

| 200001 | | 200002 | |
|---|---|---|---|
| 1001 30/06/2020 | 1002 30/09/2020 | 2001 30/06/2020 | 2002 30/09/2020 |
| 312.500 | 187.500 | 187.500 | 312.500 |
| 200.000 | 187.500 | 187.500 | 312.500 |
| 200.000 | 187.500 | 150.000 | 312.500 |
| 116.667 | 187.500 | 150.000 | 312.500 |
| 116.667 | 187.500 | 150.000 | 145.833 |
| 41.667 | 187.500 | 150.000 | 145.833 |
| 41.667 | 187.500 | 125.000 | 145.833 |
| 41.667 | 120.833 | 125.000 | 145.833 |
| 41.667 | 120.833 | 125.000 | 12.500 |

На десната страна на табелата, во третиот ред (последниот затемнет ред) се прикажани количините по лотови од полупроизводите кои ги имавме на лагер по претходната фаза, т.е. пред почетокот на производството на финални производи.

Во калкулацијата 0001, како што е претходно спомнато, раздолжувањето на полупроизводите си оди редоследно според рокот се до требовањето на 200002 за потребите на финалниот производ 300002, каде се требуваат 166.667 кг, додека лагерот за 200002 во тој момент изнесува 150 кг од лотот 2001, и 312.5 кг од лотот 2002. Бидејќи лотот 2001 кој е со пократок рок нема доволна количина, раздолжувањето ја повлекува потребната количина од лотот 2002.

Во калкулацијата 0002, гледаме наизменично повлекување од едниот па од другиот лот кој двата полупроизводи, што е целосно во согласност со претходно изнесените правила и соодветно на требуваните количини.

Лагерот во магацинот за полупроизводи по завршување на овие производни калкулации би бил следниот:

# Лагер листа

**За период од 01/01/2020 до 27/04/2020 година**

Маг. бр. 02 Полу-производ

Адреса Страна1

| Шифра | Назив на производ | Е.м. | Про | Серија | Количина | Набавна цена без ддв | Наб. износ Набавен износ | Влез.колич | Излез.кол. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 200001 | Полупроизвод 1 | кг | | 1001 | 41.667 | 130.00 | 5,416.67 | 312.50 | 270.83 |
| 200001 | Полупроизвод 1 | кг | | 1002 | 120.833 | 130.00 | 15,708.33 | 187.50 | 66.67 |
| 200001 | Полупроизвод 1 | кг | | Без сериски | 0.000 | 130.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| | Вкупно за артикал | | | | 162.500 | 130.00 | 21,125.00 | 500.00 | 337.50 |
| 200002 | Полупроизвод 2 | кг | | 2001 | 125.000 | 210.00 | 26,250.00 | 187.50 | 62.50 |
| 200002 | Полупроизвод 2 | кг | | 2002 | 12.500 | 210.00 | 2,625.00 | 312.50 | 300.00 |
| 200002 | Полупроизвод 2 | кг | | Без сериски | 0.000 | 210.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| | Вкупно за артикал | | | | 137.500 | 210.00 | 28,875.00 | 500.00 | 362.50 |
| 2 | | | | | 300.00 | | 50,000.00 | 1,000.00 | 700.00 |
| | | | | | | Финансиски влез | 170,000.00 | | |
| | | | | | | Финансиски излез | 120,000.00 | | |

По изработката на производствените калкулации според ваквиот критериум, лагерот на репроматеријалите или полупроизводите би имал „остатоци“ по лотови со покус рок, кои немаат доволно голема количина за да се употребат во следните производствени процеси.
За ова ќе треба корисникот да води сметка, и овие количини да ги расходува или евентуално да ги пренамени. Ова подразбира дека е можно корисникот да има потреба овие количини да ги префли во друг магацин, согласно понатамошната намена.
Токму заради оваа потреба да се чуваат количини од одредени артикли кои повеќе не се соодветни за главниот производствен процес, постои можноста да се дефинира кои магацини сакаме да бидат земани во предвид за количини за требување за производство, а кои не.




Сега ќе го погледнеме и последниот пример за начин на раздолжување на репроматеријали за оваа производна фаза – со избор на лот на репроматеријал.

Исто како и во претходните случаи, ги бришеме претходно изработените производствени калкулации во магацинот 02, со што лагерот на полупроизводите се враќа на првобитната состојба.

Повторно изработуваме производствена калкулација со која произведуваме 150 кг од финалниот производ 300001 и 250 кг од производот 300002.



Како што се гледа од горната слика, по повикување на опцијата за „раздолжи репро“ се отвара прозорец за внес на сериски броеви т.е. лотови, како и при стандардна излезна калкулација. Значи тука прво се клика на „Нов (Ins)“, потоа на „Присутни бр. (F8)“, и конечно на „Избор (Ent)“. Сетирањето за деливост по лотови не е активно, што значи одговорноста за правилен избор на лот е на самиот корисник.
Бидејќи со ваквиот принцип корисникот самиот одлучува за начинот на раздолжување на лотовите на репроматеријалите, нема детално да го анализираме процесот.

---

Независно од тоа на кој начин се формирани финалните производи со двете производни калкулации од втората фаза, лагерот во магацинот 03 на крајот би бил следниот:

**Лагер листа**
**За период од 01/01/2020 до 28/04/2020 година**

Маг. бр. 03 Готов производ рефус
Адреса

Страна1

| Шифра | Назив на производ | Е.м. | Про | Серија | Количина | Набавна цена без ддв | Наб. износ Набавен износ | Влез.колич | Излез.кол. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 300001 | Готов производ 1 - рефус | кг | | G10000001 | 150.000 | 150.00 | 22,500.00 | 150.00 | 0.00 |
| 300001 | Готов производ 1 - рефус | кг | | G10000002 | 100.000 | 150.00 | 15,000.00 | 100.00 | 0.00 |
| 300001 | Готов производ 1 - рефус | кг | | Без сериски | 0.000 | 150.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| | Вкупно за артикал | | | | 250.000 | 150.00 | 37,500.00 | 250.00 | 0.00 |
| 300002 | Готов производ 2 - рефус | кг | | G20000001 | 250.000 | 183.33 | 45,833.33 | 250.00 | 0.00 |
| 300002 | Готов производ 2 - рефус | кг | | G20000002 | 200.000 | 183.33 | 36,666.66 | 200.00 | 0.00 |
| 300002 | Готов производ 2 - рефус | кг | | Без сериски | 0.000 | 183.33 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| | Вкупно за артикал | | | | 450.000 | 183.33 | 82,499.99 | 450.00 | 0.00 |
| 2 | | | | | 700.00 | | 119,999.99 | 700.00 | 0.00 |
| | | | | | | Финансиски влез | 119,999.99 | | |
| | | | | | | Финансиски излез | 0.00 | | |

Овој лагер, заедно со лагерот од магацинот за амбалажа 05, ќе претставуваат репроматеријалите за следната (и последна) фаза во производниот процес – формирањето на пакувани производи.

На лагер во магацинот 05 имаме два производи, со шифри 500001 – 10000 парчиња, и 500002 – 50000 парчиња. Двата производи не се водат по сериски броеви / лотови.

Лагер листа

Функции ФОРМАТ Според ШИФРА Печатења Специјални Опции

**Зонел ТЕСТ - следливост по лотови**

Магацин 05 Магацин за амбалажа За период од 01/01/2020 до 28/04/2020

| Шифра | Назив на производ | Бренд | Е.м. | Количина | Колич.влез | Колич.излез | Наб. цена | Наб. износ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 500001 | Амбалажа 1 | | пар | 10000.000 | 10000.000 | 0.000 | 30.00 | 300000.00 |
| 500002 | Амбалажа 2 | | пар | 50000.000 | 50000.000 | 0.000 | 2.00 | 100000.00 |

Производството на пакувани производи ќе биде по принципот на преземање на лот од претходната фаза, што во овој случај ќе претставува лотот од финалниот производ од магацинот 03. При тоа нема да сакаме да бираме лот на производот, туку истиот автоматски да се раздолжува според рокот. Затоа ќе го поставиме сетирањето за автоматски избор на лот на репро (според датум на истек на гаранција), а во шифрарникот на производи кај шифрите 400001, 400002 и 400003 ќе сетираме „Сериски бр.“ – Да и „Дали да презема сер. бр. од репро“.

Овие производствени калкулации ќе бидат изработени како излезни калкулации од магацинот 03, со целен магацин 04. Потребните количини за амбалажа од магацинот 05 автоматски ќе се префрлаат помеѓу магацините 05 → 03.

Нормативите би биле следните:



Нормативи

За фирма : Зонел ТЕСТ - следливост по лотови
Шифра на фин. произ. 400001 Готов Производ 1 - пакување 250 г

| Шифра | Назив | Е_М | Количина | Цена |
|---|---|---|---|---|
| 300001 | Готов производ 1 - рефус | кг | 0.25 | |
| 500001 | Амбалажа 1 | пар | 1 | |
| 500002 | Амбалажа 2 | пар | 1 | |



Нормативи

За фирма : Зонел ТЕСТ - следливост по лотови
Шифра на фин. произ. 400002 Готов Производ 1 - пакување 500 г

| Шифра | Назив | Е_М | Количина | Цена |
|---|---|---|---|---|
| 300001 | Готов производ 1 - рефус | кг | 0.5 | 0.00 |
| 500001 | Амбалажа 1 | пар | 1 | |
| 500002 | Амбалажа 2 | пар | 1 | |



Нормативи

За фирма : Зонел ТЕСТ - следливост по лотови
Шифра на фин. произ. 400003 Готов Производ 2 - пакување 400 г

| Шифра | Назив | Е_М | Количина | Цена |
|---|---|---|---|---|
| 300002 | Готов производ 2 - рефус | кг | 0.4 | |
| 500001 | Амбалажа 1 | пар | 1 | |
| 500002 | Амбалажа 2 | пар | 1 | |

Сега ќе изработиме една производствена калкулација, со која ќе формираме по 300 парчиња од пакуваниот готов производ 400001, 200 парчиња од 400002 и уште 400 парчиња од 400003.



Зонел ТЕСТ - следливост по лотови

Магацин 03 Готов производ рефус — Калкул. број 0001 И03
Комитент — По документ ПК0001

| Шифра | Име на производ | Количина |
|---|---|---|
| 300001 | Готов производ 1 - рефус | 75.000 |
| 500001 | Амбалажа 1 | 300.000 |
| 500002 | Амбалажа 2 | 300.000 |
| 300001 | Готов производ 1 - рефус | 100.000 |
| 500001 | Амбалажа 1 | 200.000 |
| 500002 | Амбалажа 2 | 200.000 |
| 300002 | Готов производ 2 - рефус | 160.000 |
| 500001 | Амбалажа 1 | 400.000 |
| 500002 | Амбалажа 2 | 400.000 |

Раздолжување на репро по лотови

| Шифра | Назив на производ | Количина |
|---|---|---|
| 400001 | Готов Производ 1 - пакување 250 г | 300 |
| 400002 | Готов Производ 1 - пакување 500 г | 200 |
| 400003 | Готов Производ 2 - пакување 400 г | 400 |

| Шифра | Назив на репро | Количина |
|---|---|---|
| 300001 | Готов производ 1 - рефус | 100 |
| 500001 | Амбалажа 1 | 200 |
| 500002 | Амбалажа 2 | 200 |

| Сериски број | Количина | Датум на истек на гаранција |
|---|---|---|
| Г10000002 | 100 | 01/06/2020 |

Нов (Ins) — Печати калкулација (F2) — Промена (Ent) — Фактура (Ф4) — Бришење (Del) — Испратница (F3)

При овој процес се требоваат вкупно 175 кг од производот со шифра 300001 и 160 кг од производот со шифра 300002, кои се наоѓаат во постоечкиот магацин 03, но и дополнителни по 900 парчиња од двете амбалажи 500001 и 500002, кои автоматски се префрлаат од магацинот 05 во 03 со преносница.



Содржина на излезна калкулација

Специјални опции — Печатење — Сортирање

Зонел ТЕСТ - следливост по лотови

Магацин 05 Магацин за амбалажа — Калкул. број ЗП0001 И05
Комитент — По документ 0001 И03

| Шифра | Име на производ | Количина | Прод.ц без д | Прод.из.без д | Цена со дан. | Износ со дан. | Рабат(% | Рабат | Пресм.ддв | Тарифа | Наб.цена | Наб.износ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 500001 | Амбалажа 1 | 900.000 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 1 | 30.00 | 27,000.00 |
| 500002 | Амбалажа 2 | 900.000 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 2 | 2.00 | 1,800.00 |

Бидејќи за шифрата 300001 на лагерот во магацинот 03 нема доволна количина во првиот лот Г10000001, од тој лот ќе се требоваат само 75 кг потребни за формирање на 300 парчиња од шифрата 400001, додека останатите 100 кг за производство на 200 парчиња на производот 400002 се требоваат од лотот Г10000002. Овие лотови се пренесуваат соодветно на финалните производи во магацинот 04.

## Лагер листа
**За период од 01/01/2020 до 09/06/2020 година**

Маг. бр. 04 Пакуван производ
Адреса

Страна1

| Шифра | Назив на производ | Е.м. | Про | Серија | Количина | Набавна цена без ддв | Наб. износ Набавен износ | Влез.колич | Излез.кол. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 400001 | Готов Производ 1 - пакување 250 г | пак | | G10000001 | 300.000 | 69.50 | 20,850.00 | 300.00 | 0.00 |
| 400001 | Готов Производ 1 - пакување 250 г | пак | | Без сериски | 0.000 | 69.50 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| | | Вкупно за артикал | | | 300.000 | 69.50 | 20,850.00 | 300.00 | 0.00 |
| 400002 | Готов Производ 1 - пакување 500 г | пак | | G10000002 | 200.000 | 107.00 | 21,400.00 | 200.00 | 0.00 |
| 400002 | Готов Производ 1 - пакување 500 г | пак | | Без сериски | 0.000 | 107.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| | | Вкупно за артикал | | | 200.000 | 107.00 | 21,400.00 | 200.00 | 0.00 |
| 400003 | Готов Производ 2 - пакување 400 г | пак | | G20000001 | 400.000 | 105.33 | 42,133.33 | 400.00 | 0.00 |
| 400003 | Готов Производ 2 - пакување 400 г | пак | | Без сериски | 0.000 | 105.33 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| | | Вкупно за артикал | | | 400.000 | 105.33 | 42,133.33 | 400.00 | 0.00 |
| 3 | | | | | 900.00 | | 84,383.33 | 900.00 | 0.00 |
| | | | | | | Финансиски влез | 84,383.33 | | |
| | | | | | | Финансиски излез | 0.00 | | |

Вака формираните финални производи се подготвени за натамошна дистрибуција и продажба, и за истите секогаш ќе може да се одреди од која производна калкулација потекнуваат, а со тоа и од кои репроматеријали се добиени.

## Извештаи:

Следливоста за користењето на одреден лот број на репро материјал или готов производ, може да се добие со користење на опцијата во материјално → пребарување по сериски број

